РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-671/2

28-05-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 18-та седница одржана на21.05.2025 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-671/1 од 07.02.2025 година, со наводи за сомневање за незаконитости во постапка за вработување на административен службеник во општина -----------, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека од аспект на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување во пријавениот случај.

Предметот со број 12-671/1 од 07.02.2025 година, да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 07.02.2025 година, до Државната комисија за спречување на корупцијата поднесена е пријава против лицето Томе Христовски, Градоначалник на општина ----------, со наводи за сомневање за неправилности во постапка за вработување на административен службеник на работно место помлад соработник – благајник во општината --------- по Јавен оглас 406/----------, по која е оформен предмет број 12-671/1 од 07.02.2025 година.

Во пријавата се наведува дека Градоначалникот на општина ----------, -------- ---------- ----------------- објавил оглас со број 406/--------- за вработување на административен службеник на работно место помлад соработник------------, Одделение за -------------- --- ---------------- во општина -------------, каде се пријавил и подносителот. По двете спроведени фази од постапката, (административна селекција и полагање на тест за

административен службеник), подносителот, на 31.01.2025 година, добил известување по СМС порака од Агенцијата за администрација на РСМ дека постапката по огласот била запрена по барање на институцијата за чија што потреба бил објавен. Од општина -------------- подносителот бил известен дека постапката била запрена бидејќи општината немала обезбедено финансиски средства за новото вработување.
Подносителот бара од институциите да извршат инспекциски надзор на започнатата постапка по објавениот оглас и истата да продолжи со избор на најдобриот кандидат.

При своето надлежно постапување за предметниот случај, ДКСК дојде до следните сознанија:
-Предметниот јавен оглас за вработување бил објавен и на порталот kariera.mk и истиот бил активен до 09.01.2025 година.
-На 13.01.2025 година на веб страницата на Агенција за администрација била објавена Ранг листа од Фаза 1 - административна селекција за вработување по оглас број 406/------- –општина -----------, со листа на уредни и неуредни кандидати и со информација за денот и часот на одржување на втората фаза на селекција, која требала да се одржи на ден 30.01.2025 година во 11,00 часот.
-Во Термините за сите фази на селекција, објавени од страна на Агенцијата за администрација – Распоред на термини на испити на 30.01.2025 година, под точка 7, е објавен терминот за испит на администртивниот службеник за оглас број 406/------- –општина ---------, за 11:00 часот.
- На 30.01.2025 година на веб страницата на Агенција за администрација била објавена Ранг листа од Фаза 2 – испит за административен службеник за оглас број 406/-------- –општина --------, со листа на кандидати кои го полагале испитот и со информација кои кандидати продолжуваа во третата фаза на селекција а кои не продолжуваат понатаму. Исто така, содржана е информација за денот и часот на одржување на третата фаза на селекција, која се состои од проверка на веродостојност на докази и интервју, а која требало да се спроведе во Агенцијата на ден 03.02.2025 година.
- Во делот на Конечни ранг листи на кандидати од сите фази на селекција, на веб страницата на Агенција за администрација нема објавено податоци, а што значи дека не се реализирла предметната постапка за вработување.

По разгледувањето на содржината на пријавата и од сознанијата добиени од јавно достапните информации објавени на официјалната страна на Агенцијата за администрација, ДКСК констатира дека предметната постапка за вработување на административен службеник во општина ---------- по Јавниот оглас 406/--------- била запрена во третата фаза на проверка на доказите и спроведување на интервју со најдобрите кандидати, односно истата не е спроведена во целост со избор на најдобриот кандидат. Дополнително, согласно одредбите на членовите 18 и 19 од Законот за административни службеници, со кои е уредена постапката за селекција на кандидати за вработување на работни места на административни службеници, за сите прашања во врска со работниот однос административниот службеник има право да поднесе жалба и приговор до Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници од втор степен при Агенцијата за админстрација. Оттаму, подносителот на пријавата во својство на незадоволен кандидат во предметната постапка за вработување, можел своето право на жалба да го оствари преку наведената Комисија.

Имајќи го во предвид сето погоре наведено, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик Претседател

м-р Билјана Каракашова Шулев

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал:Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. раководител на сектор
Одобрил: м-р., Ц.Р., член на ДКСК

Доставено до
-подносителот на пријавата